Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 03-1634/2
31.12.2014 год.
СКОПЈЕ

**Република Македонија**

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

# Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти

Овие правила го пропишуваат начинот на пријавување, реакција и санирање на инциденти кои влијаат или можат да влијаат на тајноста на заштита на личните податоци кои што се обработуваат во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенција) во својство на контролор.

Според овие правила корисникот е должен секој инцидент што ќе настане во процесот на обработување на личните податоци веднаш да го пријави кај администраторот на информатичкиот систем.

Пријавувањето на инцидентот се врши во електронска форма, а доколку тоа не е возможно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- време на настанување на инцидентот;
- траење и престанок на инцидентот;
- место во информатичкиот систем каде се појавил инцидентот;
- податок или проценка за обемот, односно опсегот на инцидентот;
- име и презиме на корисникот кој го пријавил инцидентот;
- име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

Откако пријавата за инцидентот ќе биде примена од администраторот на информатичкиот систем веднаш започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот, како и за тоа дали и кои мерки треба да се превземат за негово санирање и за спречување на негово повторување во иднина.

Доколку се работи за инцидент кој што се повторува, администраторот на информатичкиот сисетм е должен да преземе мерки со кои ќе гарантира трајно отстранување на ризикот од негово повторување.

Доколку како последица на инцидент дојде до губење или бришење на дел или сите лични податоци содржани во информатичкиот систем, истите ќе бидат повторно внесени – вратени во информатичкиот систем, со користење на

сигуроносните копии кои што се чуват кај контролорот. Истото ќе се применува и доколку бришењето или губењето на дел или сите лични податоци содржани во информатичкиот систем е неопходен заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

При повторно внесување – враќање на личните податоци во системот, задолжително и во електронска форма се врши евидентирање на корисниците кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на личните податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторно враќање на личните податоци во информативниот систем се врши од страна на корисниците врз основа на претходно издадено писмено овластување од страна на претседателот на Советот на експерти.

Пријавата (прилог 1) задолжително се пополнува од корисникот кој открил неусогласености при работењето, се печати, се доставува на потпис до претседателот на Советот на експерти и се архивира со редовна постапка во Агенцијата. После секоја пријава мора да следи последователен извештај (прилог 2) со мерките превземени за постапување по истата.

Извештајот задолжително се пополнува од одговорното лице, се печати и се архивира со редовна постапка во Агенцијата. Секоја пријава се доставува до претседателот на Советот на експерти.

Прилог 1

| | |
|---|---|
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување | |
| Пријава за нарушување на сигурноста на податоците и инциденти со обработката на личните податоци | |
| Сектор | Пополнува корисникот |
| | |
| Датум на настанот | |
| Време и место на настанот | |
| Време на откривање на настанот | |
| Име и презиме на лицето кое го пријавило инцидентот кај одговорното лице | |
| Краток опис на инцидентот | Пополнува корисникот |
| | |

| | |
|---|---|
| | |
| Медиум со кој се предизвикал инцидетот | Да се заокружи кои медиуми се користени |
| Компјутер | ДА/НЕ |
| Електронска пошта | ДА/НЕ |
| Телефон /факс | ДА/НЕ |
| Интернет | ДА/НЕ |
| Друго | ДА/НЕ |
| Дали загрозените информации се пренесени кај трети лица | ДА/НЕ |
| Одговорно лице: | |
| Одобрено од Претседателот на Советот на експерти | |

Прилог 2

| | |
|---|---|
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување | |
| Извештај за постапката на враќање на податоците од инцидент при обработка на податоците | |
| Сектор | Пополнува администраторот на информатичкиот систем |
| | |
| Датум на враќање | |
| Времетраење на постапката | |
| Овластени лица за постапката | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| Краток опис на постапката на враќање на податоците и нивна веродостојност | Пополнува администраторот на информатичкиот систем |
| Категории на податоци вратени при постапката | |
| | |

| | |
|---|---|
| Дали со постапката целосно се вратени податоците и нивната веродостојност | ДА/НЕ |
| | |
| Дали постапката вклучуваше и трети лица | ДА/НЕ |
| Администратор на информатичкиот систем: | |
| Одобрено од: Претседателот на Советот на експерти | |

Претседател на Советот на експерти
Д-р Булент Дервиши